**СТРУЧНИ РАДОВИ**

УДК/UDC 347.958(497.7)
DOI: 10.7251/GPFIS1501068G

СТРУЧНИ РАД / *EXPERT PAPER*
Примљен: децембар 2014.
*Received*: *December* 2014.

*Марина Глигорова*

Адвокат од Кочани, Република Македонија

# ДОЗВОЛЕНОСТ НА РЕВИЗИЈА ВО ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Ревизијата е вонреден правен лек кој претставува за странката едно правно средство повеќе во нејзиното настојување да постигне заштита на своите права или да се одбрани од неоснованите претензии на другата странка. Ревизија може да се изјави само поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право. Изјавувањето на ревизијата поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка е ограничено. Целта на истражувањето во овој труд е да се истражат најчестите причини за изјавување на ревизија во практиката и видот на причините кои најчесто се повторуваат, како и обемот, односно бројот на поднесени ревизии до Врховниот суд на Република Македонија во периодот од јуни 2011 година до јуни 2012 година. При обработка на предметот на истражување како генерална хипотеза е земено дека најголем дел од усвоените ревизии сѐ поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка. Две третини од изјавените ревизии пред Врховниот суд на Република Македонија се одбиени како неосновани, а само една третина од поднесените ревизии во периодот од јуни 2011 год. до јуни 2012 год. се основани. Од основаните ревизии 59 % се поради погрешна примена на материјалното право, а 41 % се поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка.*

**Клучни зборови:** Пресуда; Вонреден правен лек; Суд; Странки.

Марина Глигорова, *marina.gligorova@yahoo.com.*

## 1. ВОВЕД

Правни лекови се викаат оние парнични дејства на странките со кои се побива некоја судска одлука како неисправна и се предлага таа одлука да се преиначи, односно укине и да се донесе друга одлука која ќе биде поповолна за жалителот.

Правните лекови во теоријата на граѓанската постапка се делат на редовни и вонредни, но не постои некој сигурен критериум по кој би можела таа поделба да се спроведе во сите процесни системи.[1]

Ревизијата како вонреден правен лек претставува трета инстанца која истовремено ќе осигура правилност и законитост во судењето и трајно единство на правниот поредок со единствена примена на законите на целото нивно подрачје на важење.

Ревизија може да се изјави само поради суштествени повреди на парничната постапка и поради погрешна примена на материјалното право. Со ревизија не може да се побива правосилна пресуда поради погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба.[2]

## 2. РЕВИЗИЈА ПРОТИВ ПРЕСУДА

Самиот термин „ревизија" етимолошки потекнува од латинскиот збор „*revidere*" што преведено значи „да се испита", „да се изврши преглед" и од новолатинскиот „*revisio*", што значи „повторно да се прегледа", „одново да се погледа", „уште еднаш да се види" заради испитување и просудување.[3]

Во Република Македонија се применуваше Законот за парнична постапка „Службен лист на СФРЈ", бр. 4/77, 36/77, 36/80, 69/82, 58/84, 57/89, 20/90 и 35/91, а по осамостојувањето на Република Македонија во 1991 год. овој закон согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија[4] се применуваше како републички закон. Првиот закон за парнична постапка на независна Република Македонија е донесен и е објавен во „Службен весник на Р. Македонија", бр. 33/98 од 11. 7. 1998 год. И во нашиот Закон за парнична постапка ревизијата преставува вонреден правен лек кој го користат страните во парничната постапка со цел да се обезбеди материјално-правна и процесно-правна законитост на судските одлуки. По

[1] B. Poznić, *Građansko procesno pravo*, Savremena administracija, Beograd 1982.

[2] S. Kamhi, *Građanski sudski postupak*, Veselin Masleša, Sarajevo 1961.

[3] Википедија, *http://mk.wikipedia.org/*.

[4] Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, *Службен весник на РМ*, бр. 52/91.

исклучок со ревизијата се остваруват и пошироки правнополитички цели. Ревизијата против пресуда е вонреден правен лек кој се изјавува против правосилна пресуда која е донесена во втор степен, не е дозволено прескокнување на жалбата, но не се бара жалбата да била изјавена од странката која ја изјавува ревизијата. По повод изјавената ревизија одлучува Врховниот суд на Република Македонија и овој правен лек не го одложува извршувањето на правосилната пресуда против која е изјавена ревизијата. Ревизијата е преклузивен правен лек, бидејќи се изјавува во рок од триесет дена од доставувањето на преписот на пресудата, по тој рок се губи правото за изјавување на истата. Ревизијата е двостран правен лек, бидејќи примерок од ревизијата се доставува на двете парнични странки. И за крај, користењето на ревизијата е ограничено во однос на причините поради кои може да се изјави и во однос на дозволеноста кога може да се изјави.

## 3. ДОЗВОЛЕНОСТ НА РЕВИЗИЈАТА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

Против правосилна пресуда донесена во втор степен, странките можат да изјават ревизија во рок од 30 дена од денот на доставување на препис на пресудата.

Основното правило во поглед на дозволеноста на ревизијата е дека странките можат да изјавуват ревизија само против правосилна пресуда донесена во втор степен. Постои двојно пограничување за изјавување на ревизија: 1) со оглед на вредноста на спорот, и 2) само со оглед на видот на спорот.[5]

1) Со оглед на вредноста на спорот – *ratione valoris*, ревизијата е дозволена во спорови во кои вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел на правосилната пресуда преминува 1.000.000 денари. Како вредност на предметот на спорот се зема само вредноста на главното побарување, каматите, парничните трошоци, договорните казни и другите споредни побарувања не се земат предвид ако не го сочинуват главното побарување.[6]

2) Со оглед на видот на спорот – *ratione causes*, односно независно од вредноста на побиваниот дел од правосилната пресуда, ревизијата е секогаш дозволена: 1) во споровите за издршка, односно во спорови за издржување преземени со договор за доживотна издршка и други дого-

[5] B. Bazala, *Zakon o parničnom postupku s objašnjenjima i sudskim odlukama*, Novinsko-izdavački, štamparski i birotehnički zavod, Zagreb 1969.

[6] К. Чавдар, К. Чавдар, *Закон за парничната постапка со коментари, судска практика, обрасци за практична примена и предметен регистар*, Академик, Скопје 2011.

вори; 2) во споровите за надомест на штета за изгубена издршка поради смрт на давателот на издршката; 3) во споровите од работните односи по повод престанок на работниот однос; 4) во споровите за заштита на авторско право, освен за паричните побарувања по тој основ; 5) во спорови што се однесуват на заштита и на употреба на пронајдоци и технички унапредувања, мостри, модели, и жигови и на правото на употреба на фирма или назив, како и во споровите од нелојален натпревар и монополистички однесувања, освен за паричните побарувања по тие основи.[7]

Новина во нашето парнично законодавство која е внесена со ЗИДЗПП од 2010 год., објавен во „Службен весник на РМ", бр. 116 од 1. 9. 2010 год., е тоа дека ревизијата е секогаш дозволена во споровите во кои по постапка по жалба второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда. Ова од причина што ако второстепениот суд веќе еднаш ја укинал првостепената пресуда и предметот го вратил на повторно судење и ако по повод таа пресуда странките изјават жалба и воростепениот суд пак најде дека има некои суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба, тогаш второстепениот суд ќе закаже расправа и мериторно ќе одлучи, на таа расправа тој може да утврди поинаква фактичка состојба од онаа што ја утврдил првостепениот суд и тогаш ќе ја преиначи првостепената пресуда. Со оглед на тоа дека второстепениот суд на расправата на која извел докази кои првостепениот суд веќе ги има изведено и второстепениот суд утврдил поинаква фактичка состојба од онаа што ја утврдил првостепениот суд, е потребно против оваа пресуда да е дозволено изјавување на ревизија. На овој начин се дозволува еден вид двостепеност на постапката, со кое се контролира правосилноста на оваа пресуда донесена од страна на втроростепениот суд која во суштина има првостепено значење.[8]

По исклучок ревизијата е дозволена и против второстепена пресуда, против која не може да се изјавува ревизија според каузалниот критериум погоре наведен под точка 2, ако второстепениот суд во изреката на пресудата што ја донел, тоа го дозволил. Второстепениот суд може да ја дозволи оваа ревизија ако го конкретизира опфатот на правното прашање кое би се покренало пред Врховниот суд на Република Македонија, ако оцени дека одлуката во спорот зависи од решавање на некое материјално-правно или процесно-правно прашање важно за обезбедување на единствена примена на законот и воедначување на судската практика. Ова е таканаречена вонредна ревизија.

[7] А. Јаневски, Т. Зороска, *Граѓанско процесно право, книга прва – парнично право*, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје 2012, 468.

[8] К. Чавдар, К. Чавдар, *Закон за парничната постапка со коментари, судска практика, обрасци за практична примена и предметен регистар*, Академик, Скопје 2011.

Во споровите од мала вредност не е дозволено изјавување на ревизија, ревизијата не е дозволена и во постапките за поништување и развод на брак.

Во стопанските спорови против правосилна пресуда донесена во втор степен дозволено е ревизија, ако вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел од правосилната пресуда надминува 1.500.000 денари.[9]

Ревизијата не е дозволена против решение на второстепениот суд за отфрлање на жалбата во парниците за смеќавање на владение.

Странката која не изјавила жалба против пресудата на првостепениот суд, нема право на ревизија против правосилната пресуда со која второстепениот суд, одлучувајќи по жалбата на спротивната странка, таа жалба ја одбил и во побиваниот дел ја потврдил пресудата на првостепениот суд.

Правната природа на спорот од која зависи дозволеноста на ревизијата судот ја утврдува земајќи ја предвид целокупната фактичка основа на спорот.

## 4. ВОНРЕДНА РЕВИЗИЈА

Вонредната ревизија е вонреден правен лек чие изјавување е дозволено по исклучок, заради остварување на одредени правно-политички цели. Вонредната ревизија има за цел да обезбеди воедначување на судската практика и единствена примена на правото во врска со определени правни прашања. Оваа таканаречена вонредна ревизија за прв пат се појавува со ЗПП од 2005 год., каде во член 372 став 4 ревизијата по исклучок е дозволена и против второстепени пресуди против кои не може да се изјавува ревизија според вредносниот критериум, ако второстепениот суд во изреката на пресудата што ја донел тоа го дозволил. Второстепениот суд може така да одлучи ако оцени дека одлуката во спорот зависи од решавање на некое материјално-правно или процесно-правно прашање важно за обезбедување на единствена примена на законот и уедначување на судската практика. Во образложението на пресудата, второстепениот суд е должен да наведе заради кое правно прашање ја дозволил ревизијата и да ги наведе причините поради кои смета дека ова е важно за обезбедување на единствена примена на законот и уедначување на судската практика[10].

[9] А. Јаневски, Т. Зороска, *Граѓанско процесно право, книга прва – парнично право*, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје 2012, 469.

[10] К. Чавдар, К. Чавдар, *Закон за парничната постапка со коментари, судска практика, обрасци за практична примена и предметен регистар*, Академик, Скопје 2011.

## 5. ПРИЧИНИ ЗА РЕВИЗИЈА

Во нашето право во член 375 став 1 од ЗПП е пропишано дека ревизија може да се изјавува само поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и поради погрешна примена на материјалното право. Со ревизија не може да се побива правосилна пресуда поради погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба.

Бидејќи, ревизијата не може да се изјавува поради неправилно утврдена фактичка состојба, странките можат во ревизијата да изнесуват нови факти и да предлагаат нови докази само ако тие се однесуват на суштествените повреди на одредбите на парничната постапка поради кои може да се изјавува ревизија.[11]

Ограничено е изјавувањето на ревизија поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка. Ревизијата може да се изјавува поради следните апсолутни суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, сторени пред првостепениот или второстепениот суд: непрописен состав на судот, учество на судија или судија поротник кој требало да се изземе, судска надлежност, стварна надлежност, недозволени располагања на странките, недозволено донесување на неспорни пресуди, повреда на начелото на сослушување на другата страна, повреда на правото на употреба на својот јазик, способност да се биде странка, неуредности во застапувањето, повреда на начелото за пресудена работа, постоење недостатоци во пресудата поради кои таа не може да се испита.[12]

Поради релативна суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, ревизија може да се изјавува само ако повредата е сторена во постапка пред второстепениот суд. Пример за такви повреди се: ако второстепениот суд извел нови докази на расправата, ако ги пречекорил границите на испитување на второстепената пресуда, ако неправилно ја отфрли жалбата, ако ја преиначи пресудата на штета на странката која единствено се жалела, ако во второстепената пресуда не даде оцена на жалбените наводи што се од решително значење и др.

Поради пречекорување на тужбеното барање, ревизија не може да се изјави кога таа повреда е сторена пред првостепениот суд, а второстепениот суд не ја отстранил таа повреда, иако странката на тоа се жалела. Поради оваа повреда, ревизија може да се изјави само ако такво пречекорување е сторено во постапката пред второстепениот суд, на пример со преиначување на пресудата му досудил на тужителот нешто што овој не барал, или пак одбил некакво тужбено барање кое во постапката не било поставено, или веќе било повлечено итн.

[11] С. Георгиевски, *Граѓанско процесно право*, Култура, Скопје 1984, 352.

[12] B. Poznić, *Građansko procesno pravo*, Savremena administracija, Beograd 1982.

Против второстепената пресуда со која се потврдува првостепената пресуда, ревизија може да се изјави поради некои суштествени повреди на одредбите на парничната постапка само ако подносителот на ревизијата се повикал на тие повреди во жалбата против првостепената пресуда, или ако тие повреди се сторени во второстепената постапка. Станува збор за следните суштествени повреди на одредбите на парничната постапка: ако повредата се однесува на месната надлежност, ако спротивно на одредбите на ЗПП судот донел пресуда поради изостанок, пресуда поради неподнесување одговор на тужба, пресуда без одржување расправа, пресуда врз основа на признание, пресуда врз основа на одрекување, ако на некоја странка со незаконито постапување, а особено со пропуштање на доставување не ѝ е дадена можност да расправа пред судот, ако се повредени одредбите од ЗПП што се однесуват на правото на странката да ѝ се обезбеди толкувач во постапката, ако судот донел пресуда без одржување на главна расправа, а бил должен да одржи главна расправа и ако спротивно на законот била исклучена јавноста од главната расправа.[13]

Ревизијата може да се изјави и поради погрешна примена на материјалното право, т.е кога првостепениот, односно второстепениот суд, или и двата, не ја примениле одредбата на материјалното право што требало да ја применат или кога таквата одредба не ја примениле правилно. Оваа повреда второстепениот суд може да ја стори кога ја потврдил првостепената пресуда, или кога ја преиначил првостепената пресуда погрешно применувајќи го материјалното право.

Вонредната ревизија може да се изјавува поради материјално-правни или процесно-правни прашања поради кои таа е дозволена, а кое го навел второстепениот суд во образложението на пресудата.

## 6. ЦЕЛ НА ИСРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето кое е направено во овој труд е да се истражат најчестите причини за изјавување на ревизија во практиката и видот на причините кои најчесто се повторуваат, како и обемот, односно бројот на поднесени ревизии во периодот од јуни 2011 година до јуни 2012 година.

При обработка на предметот на истражување како генерална хипотеза во овој труд е земена следната**:** Најголем дел од усвоените ревизии сè поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка.

[13] А. Јаневски, Т. Зороска, *Граѓанско процесно право, книга прва – парнично право*, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје 2012, 470.

## 7. РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗА НА РЕВИЗИИ КОИ СЕ ОБЈАВЕНИ НА ВЕБ СТРАНАТА НА ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА

Табеларно се претставени податоците добиени од истражувањето со кое се изврши анализа на 450 изјавени ревизии, кои се објавени на веб страната на Врховен суд на Република Македонија во периодот од јуни 2011 год. до јуни 2012 год. и по извршената анализа е утврдено следното:

Од анализираните 450 ревизии кои се објавени на веб страната на Врховен суд на Република Македонија во периодот од јуни 2011 год. до јуни 2012 год., се дојде до сознание дека како неосновани се одбиени 320 ревизии, отфрлени се 22 ревизии од кои 18 како недозволени, а 4 како ненавремени. Од усвоените 112 ревизии, 46 ревизии се усвоени поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и тоа 45 ревизии се усвоени поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка предвидени во член 343 став 2 точка 13 од ЗПП, поточно кога пресудата има недостатоци поради кои не може да се испита, кога пресудата нема причини за решителните факти, кога побиваниот дел од пресудата е нејасен и неразбирлив и не може да се испита и 1 ревизија е усвоена поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од членот 343 став (1) од ЗПП што е сторена во постапка пред второстепениот суд кога судот во текот на постапката не применил или неправилно применил некоја одредба од ЗПП, а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна пресуда. Од усвоените 112 ревизии, 66 се усвоени поради погрешна примена на материјалното право. По двата основа, поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право се усвоени 4 ревизии. Се дојде до сознание дека поголем дел од усвоените ревизии се поради погрешна примена на материјалното право и со тоа поставената хипотеза не се потврди во целост. Причина за погрешна примена на материјалното право од страна на пониските судови е таа што пониските судови погрешно ја примениле правната норма при одлучување на конкретниот граѓанско-правен однос, односно спор, и тоа како по однос на споровите кои се однесуват на стварно-правните побарувања, на облигационо-правните побарувања и кај статусните спорови. Пониските судови конкретниот граѓанско-правен однос го подвеле под друга правна норма и со тоа погрешно го примениле материјалното право.

Табела 1.

*Објавени одлуки на веб страната на ВСРМ во периодот од јуни 2011год. до јуни 2012 год. одлучувајќи по изјавени ревизии.*

| Одбиени ревизии | Отфрлени ревизии | | Усвоени ревизии | | |
|---|---|---|---|---|---|
| неосновани | недозволени | ненавремени | Поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка | Поради погрешна примена на метријалното право | По двата основа |
| 320 | 17 | 4 | 46 | 66 | 4 |

## 8. ЗАКЛУЧОК

Покрај жалбата како редовен правен лек, законот предвидува и два вонредни правни лекови: ревизија и повторување на постапката како правни основи и механизми за заштита на човековите права.

Ревизијата е вонреден правен лек што странката може да го изјави за правосилна пресуда донесена во втор степен. Рокот за изјавување на ревизијата е 30 дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата. Ревизија може да се изјави поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка и поради погрешна примена на материјалното право. Ревизијата се поднесува до судот што одлучувал за предметот во прв степен, а кој понатаму преку второстепениот суд ја доставува ревизијата со сите списи на предметот до Врховниот суд на Република Македонија заради мериторно одлучување. Дозволеноста на ревизија, условите под кои може да се побара ревизија, како и постапувањето на надлежните органи по ревизија и одлуките што тие може да ги донесат, се пропишани со Законот за парничната постапка. Изјавената ревизија не го задржува извршувањето на правосилната пресуда.

Две третини од изјавените ревизии пред Врховниот суд на Република Македонија се одбиени како неосновани, а само една третина од поднесените ревизии во периодот од јуни 2011 год. до јуни 2012 год. се основани. Од основаните ревизии 59 % се поради погрешна примена на материјалното право, бидејќи пониските судови погрешно ја примениле правната норма при одлучување на конкретниот граѓанско-правен однос. Пониските судови конкретниот граѓанско-правен однос го подвеле под друга правна норма и со тоа погрешно го примениле материјалното право. Од основаните ревизии 41 % се поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка предвидени во член 343 став 2 точка 13 од ЗПП, поточно кога пресудата има недостатоци пора-

ди кои не може да се испита, кога пресудата нема причини за решителните факти, кога побиваниот дел од пресудата е нејасен и неразбирлив. Значи поголем дел од усвоените ревизии се поради погрешна примена на материјалното право. Пониските судови при својата работа треба да обрнат поголемо внимание на правилната примена на материјалното право и при одлучувањето да внимаваат на тоа која правна норма ќе ја применат за конкретниот граѓанско-правен однос и дали тоа е нормата која одговара за тој граѓанско-правен однос. Кога жалителот во жалбата ќе се повика на погрешна примена на материјалното право, второстепениот суд треба детално да го разгледа предметот и да утврди дали пониските судови правилно го примениле материјалното право.

## ЛИСТА РЕФЕРЕНЦИ

### Библиографске референце

1. Георгиевски, Стеван, *Граѓанско процесно право*, Култура, Скопје 2000;
2. Георгиевски, Стеван, *Граѓанско процесно право*, Култура, Скопје 1984;
3. Зуглија, Сречко, *Граgански парнични пступак ФНРЈ*, Школска Књига, Загреб 1957;
4. Јаневски, Арсен, Зороска-Камиловска, Татјана, *Граѓанско процесно право, книга прва – парнично право*, Правен факултет „Јустинијан Први”, Скопје 2012;
5. Камхи, Самуел, *Граgански судски поступак*, Веселин Маслеша, Сарајево 1961;
6. Познић, Борислав, *Грађанско процесно право*, Савремена администрација, Београд 1982;
7. Познић, Борислав, *Грађанско процесно право*, Савремена администрација, Београд 1965;
8. Познић, Борислав, *Грађанско процесно право*, Савремена администрација, Београд 1962;
9. Трива, Синиша, Белајец, Велимир, Дика, Михаило, *Ново парнично процесно право, Збирка радова*, Издавачка куча, Загреб 1977;
10. Базала, Бранко, *Закон о парничном поступку с објашњењима и судским одлукама*, Новинско-издавачки, штампарски и биротехнички завод, Загреб 1969;
11. Чавдар, Кирил, Чавдар, Кимо, *Закон за парничната постапка со коментари, судска практика, обрасци за практична примена и предметен регистар*, Академик, Скопје 2011;

### Правни прописи и судска пракса

1. Закон за парничната постапка, Пречистен текст, *Службен весник на РМ*, бр. 7/11;

2. Закон за парничната постапка, *Службен весник на РМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10;
3. Закон за парнична постапка, Пречистен текст, *Службен весник на РМ*, бр. 33/98;
4. Закон о парничном поступку, *Службени лист СФРЈ*, бр.4/77, 36/77, 36/80, 69/82, 58/84, 74/87, 57/89, 20/90, 27/90 и 35/91;
5. Уставен закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, *Службен весник на РМ*, бр. 52/91;
6. Врховен суд на Република Македонија, *Збирка на судски одлуки 1985-1989, книга IV*, Скопје 1992;
7. Врховен суд на Република Македонија, *Збирка на судски одлуки 1980-1984, книга III*, Скопје 1985;
8. Врховен суд на Република Македонија*, Збирка на судски одлуки, книга* I, Скопје 1976;
9. Витларов, Тодор, Чавдар, Кирил, *Збирка на судски одлуки,* Здружение на правници, Скопје 2009;
10. *Правни лексикон*, Савремена администрација, Београд 1970;
11. Трива, Синиша, *Рјечник грађанског процесног права*, Загреб 1968;
12. *Odvjetnik* 5-6/11, Zagreb 2011;
13. *Odvjetnik* 9-10/12, Zagreb 2012;
14. *Билтен бр. 6 на Апелационен суд Штип*, април 2012 год.;
15. *http://gpp.pravo.unizg.hr/propisi/zpp/indexzpp.htm*;
16. Врховен суд на Република Македонија, *http://www.vsrm.mk/Odluki.aspx*;
17. Право. орг. мк, *http://www.pravo.org*;
18. Википедија, *http://mk.wikipedia.org/*.

Marina Gligorova

Attorney at law from City of Kočani, Republic of Macedonia

## REVISION PERMISSIABLITY IN CIVIL PROCEDURE IN REPUBLIC OF MACEDONIA

*Summary*

The revision as an extraordinary legal remedy is one more legal instrument for litigant in the effort to achieve protection of the rights or to defend against ungrounded claims of the other party. Litigants may declare revision of the litigation process due to substantive violations of the provisions of Civil Procedure and incorrect application of substantive law. Declaring

revision because of a substantive violation of the provisions of Civil Procedure is limited. The purpose of this research paper is to investigate the most common reasons for filing revision of the litigation process in the period from June 2011 to June in 2012. The research includes what kind of reasons are often repeated, and the volume, or the number of reviews submitted to the Supreme Court of the Republic of Macedonia. As general hypothesis is that most of the adopted revisions are due to substantial violations of the provisions of civil procedure. Two-thirds of the stated revisions in front of the Supreme Court of Republic of Macedonia were rejected as unfounded and only one third of the submitted revisions from June 2011 to June 2012 were grounded. Since accepted revisions 59% due to incorrect application of substantive law, and 41% due to substantial violations of the provisions of Civil Procedure. The lower courts in their work should pay more attention to the proper application of substantive law and deciding to watch out for those legal norms will apply for specific civil legal relationship and whether it is the norm that corresponds to that civil legal relationship.

**Key words:** *Verdict; An extraordinary legal remedy; The Court; Parties*

Марина Глигорова

Адвокат из Кочана, Република Македонија

## ДОЗВОЉЕНОСТ РЕВИЗИЈЕ У ПАРНИЧНОМ ПОСТУПКУ У ПРАВУ РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

*Сажетак*

Ревизија је ванредни правни лек који за странку представља правно средство више у њеном настојању да постигне заштиту својих права или да се одбрани од неоснованих претензија других странака. Ревизија може да се изјави због битне повреде одредаба парничног поступка и погрешне примене материјалног права. Изјављивање ревизије због битне повреде одредаба парничног поступка је ограничено. Циљ истраживања овог рада је да се истраже најчешћи разлози за изјављивање ревизије у пракси, који разлог се најчешће понавља, као и број поднетих ревизија пред Врховним судом Републике Македоније у периоду од јуна 2011. године до јуна 2012. год. Приликом обраде предмета истраживања, као општа хипотеза је узето да је највећи део усвојених ревизија подигнут због битне повреде одредаба парничног поступка. Након истраживања ова хипотеза се није потврдила. Две трећине изјављених

ревизија, пред Врховним судом Републике Македоније одбијене су као неосноване, а само једна трећина поднетих ревизија у периоду од јуна 2011. године до јуна 2012. године су биле основане. Од основаних ревизија, 59 % су усвојене због погрешне примене материјалног права, а 41 % због битне повреде одредаба парничног поступка. Нижи судови при свом раду треба да обрате већу пажњу на правилну примену материјалног права и приликом одлучивања треба да пазе коју правну норму ће применити на конкретан грађанскоправни однос, те да ли је то правна норма која одговара том грађанскоправном односу.

**Кључне речи:** *Пресуда; Ванредни правни лек; Суд; Странке.*